Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 384//0306
18.11 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 11.11.2025 година, врз основа на примена жалба од **Славица Анастасовска** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Дел од емисијата **„На Кавга со Иван – Арбер Адеми“,** објавена на Јутјуб каналот на телевизијата Канал 5 на 22.19.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, односно направен е **етички пропуст**.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 20.10.2025 г., упати жалба за дел од емисијата **„На Кавга со Иван – Арбер Адеми“,** објавена на Јутјуб каналот на телевизијата Канал 5  на 22.19.2025 г., при што се жали на дискриминација.

Жалителката појасни дека жалбата е упатена во име на лице со попречености кое се пожалило до Хелсиншки комитет за заштита на човековите права.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина, т.е линкот од објавата, како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот, потпишан од Иван Мирчевски, во кој се наведува:

„За првпат во мојата кариера се согласувам со подносителот на жалбата, а се однесува на терминот “и ќоро и сакато”. Иако е ова колоквијален термин кој се однесува на непрофесионалци или лица кои се ставени на одредени работни места и позиции, а според мерит системот, не се способни за истите. Апсолутно, ниту во сон, немав и немам намера да ги навредам нашите сограѓани кои имаат одредена попреченост. И да, несмасното користење на овој колоквијален термин го сметам за моја грешка“.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека дел од емисијата „На Кавга со Иван – Арбер Адеми“, објавена на Јутјуб каналот на телевизијата Канал 5  на 22.19.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што од страна на водителот е направен **етички пропуст** поврзан со одредбите на членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за поткаст во кој се води разговор со високопозициониран политичар на различни теми и е од неспорен јавен интерес.

Проблематичната реченица на водителот е (во 75 мин од разговорот): *„Ова што го зборевме сега да го имплементираме,... а, не ќоро и сакато да ни работи – чест на исклучоци коишто ги има многу, ...ее така, државни квоти со мерит систем... да не дојде кондураџија и да ни биде директор..“*.

Иако јавниот интерес е очигледен – вработување во јавната администрација според системот на заслуги, воопшто нема оправдување што водителот употребил несоодветна и навредлива метафора што често се користи во говорниот јазик, за да каже дека не е во ред да се вработуваат лица кои немаат соодветно образование, квалификации и знаење за да работат на местата каде некој ги вработил. Зборовите што ги употребил водителот допреле до лице со попреченост и ги повредиле неговите чувства, имплицирајќи дека тие воопшто немаат право да бидат вработени само поради нивната сетилна или телесна попреченост.
Сепак, признанието и извинувањето покажуваат дека не станува збор за намерно омаловажување, туку за несоодветен, невнимателен говор.

Фактот дека Мирчевски самиот признава дека употребата на колоквијалниот израз била несоодветна, се извини и ја презеде лична одговорност, говори дека немал намера за навреда или поттикнување дискриминација.

Од тука, Комисијата во крајниот заклучок смета дека е направен ненамерен **етички пропуст**, што не е во согласност со дел од одредбите на членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 10**

> Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…).

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска, Мирче Адамчевски и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595